Бр./Nr 12-919/4
23-07-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 36-та седница одржана на 20.07.2026 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-919/1, оформен по пријава со наводи за можни неправилности во постапувањето на Факултетот за ---- при Универзитетот „---- “ – ----, во однос на ангажирање и вршење на функцијата секретар на факултетот, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК оцени дека во конкретниот случај немаз елементи за натамошно постапување по предметот, имајќи предвид дека по наводите од пријавата постапил надлежен орган – Државниот просветен инспекторат, кој не утврдил неправилности во постапувањето на субјектот на надзор.

Предметот со број 12-919/1 од 24.02.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата на ден 24.02.2026 година е поднесена анонимна пријава во која се изнесуваат наводи за можни неправилности во рабиотењето на Факултетот за ---- при Универзитетот „---- “ – ----, во однос на ангажирање и вршење на функцијата секретар на факултетот, вклучувајќи и наводи за користење на јавни средства без соодветна правна основа, по што е оформен предмет бр. 12-919/1 од 24.02.2026 година.

Во пријавата се наведува дека деканот на Факултетот за ---- овозможил лицето ---- и по нејзиното пензионирање да продолжи да ја врши функцијата секретар на факултетот без соодветна одлука на Наставно-научниот совет, спротивно на одредбите од Законот за високото образование. Понатаму, се изнесуваат наводи дека од буџетски средства биле вршени исплати за извршување на работи поврзани со функцијата секретар, лично и преку правни лица за правни услуги, без соодветна транспарентност. Исто така, се наведува дека не биле преземени навремени активности за пополнување на упразнетото работно место секретар со цел блиско лице на поранешниот секретар во иднина да ги исполни условите за избор на функцијата секретар.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба, ДКСК се обрати до Државниот просветен инспекторат, со цел спроведување на вонреден инспекциски надзор над работењето на Факултетот за ---- при Универзитетот „---- " – ----, во делот на постапката за избор и ангажирање на функцијата секретар на факултетот.

По извршениот надзор, Државниот просветен инспекторат достави Записник бр. ---- од ---- година. Во доставениот записник е наведено дека инспекцискиот надзор бил спроведен врз основа на целокупната релевантна документација. При надзорот било утврдено дека на лицето ----, која била вработена на работното место секретар на факултетот, со Решение бр. ---- година ѝ престанал работниот однос поради исполнување на условите за старосна пензија, заклучно со ---- година, по што работното место останало непополнето.

Понатаму било утврдено дека Факултетот за ---- со Барање бр. ---- од ---- година побарал согласност од Министерството за образование и наука и Министерството за финансии за вработување на едно лице на работното место секретар. Министерството за финансии, со допис бр. ---- од ---- година, не дало согласност за пополнување на работното место поради необезбедени финансиски средства во Буџетот.

Во записникот е наведено и дека, по недобивањето на потребната согласност, факултетот склучил Договор за јавна набавка бр. ---- од ---- година со „---- ДООЕЛ" – ----, за обезбедување услуги согласно техничката спецификација, на определено време во траење од една година. Исто така, при спроведувањето на инспекцискиот надзор било констатирано дека лицето ---- не било ангажирано на факултетот и не ја вршело функцијата секретар. Државниот просветен инспектор констатирал дека не се

утврдени неправилности во постапувањето на субјектот на надзор, поради што постапката по предметот била запрена.

Имајќи предвид дека по наводите од пријавата постапил надлежен орган – Државниот просветен инспекторат, кој по спроведен вонреден инспекциски надзор не утврдил неправилности во постапувањето на субјектот на надзор, ДКСК оцени дека не постојат елементи за натамошно постапување по предметот.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК